Република Северна Македонија
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ШУМАРСКИ НАУКИ,
ПЕЈЗАЖНА АРХИТЕКТУРА И ЕКОИНЖЕНЕРИНГ „ХАНС ЕМ“
ул. „16 Македонска бригада“ бр. 1, 1000 Скопје
деканат: 071 356 241 www.sf.ukim.edu.mk

**Бр.02-398/10**
**18.10.2022 година**

Врз основа на член 110 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ број 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021) и член 58 од Статутот на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем” во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник број 467/2019 и бр.467-Анекс-1/2020), Наставно научниот совет на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“ на својата 8-ма (осма) редовна одржана на ден 18.10.2022 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за одобрување на дополнителни испитни сесии во академската 2022/2023 година за студентите на Факултетот за шумарски науки, пејзажна архитектура и екоинженеринг „Ханс Ем“**

**I. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во зимскиот семестар која ќе трае од 14 до 18 ноември 2022 година. Во дополната испитна сесија ќе можат да се полагаат испити по предмети кои студентите ги слушале во летниот семестар од академската 2021/2022 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои во актуелниот зимски семестар (2022/2023 година) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20.

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши од 7-ти до 9-ти ноември 2022 година.

**II. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во зимскиот семестар која ќе се одржи на ден 13.02.2023 година. Во дополната испитна сесија ќе може да се полага испит по еден предмет кој студентот го слушал во летниот семестар од академската 2021/2022 година или зимскиот семестар од академската 2022/2023 година.

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши на 09.02.2023 година.

**III. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во летниот семестар која ќе трае од 17 до 21 април 2023 година. Во дополната испитна сесија ќе можат да се полагаат испити по предмети кои студентите ги слушале во зимскиот семестар од академската 2022/2023 година. Испит можат да пријават и полагаат студенти кои во актуелниот летен семестар (2022/2023 година) имаат запишано предмети со вкупен број кредити не повеќе од 20.

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши од 10-ти до 12-ти април 2023 година.

**IV. СЕ ОДОБРУВА** дополнителна испитна сесија во летниот семестар која ќе се одржи на ден 26.09.2023 година. Во дополната испитна сесија ќе може да се полага испит по еден предмет кој студентот го слушал во зимскиот семестар од академската 2022/2023 година или летниот семестар од академската 2022/2023 година.

Пријавувањето за испит во дополнителната испитна сесија ќе се врши на 21.09.2023 година.

**V.** При пријавувањето на испитите студентите треба задолжително да приложат пријава со уплатен надоместок во износ од 500,00 денари за полагање на испит во дополнителната испитна сесија, а доколку испитот го полагаат по втор или повеќе пати, дополнително плаќаат 300,00 денари.

**VI.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Доставено до:**

- архива,
- продекан за настава,
- студентски прашања,
- огласна табла,
- веб страна на факултетот,
- секретар

**декан**

**проф. д-р Кирил Сотировски**